# ПРОДОЛЖУВАМЕ

# ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО - 4

**Почитувани членови на ЗИЗ Тутела,**

Во истиот период како и минатите години, и оваа година, на ден 05.07.2025 г. (сабота), со почеток од 10:00 часот, **ЗИЗ Тутела и Ресторан ,,Чардак" – Македонски Брод, Ве покануваат** на **четвртиот** еднодневен **Пикник "ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО - 4".**

Целта на овој настан е членовите на ЗИЗ Тутела, заедно со своите семејства, да присуствуваат на заедничко дружење, каде од една страна, нашата иднина (децата) преку одредени активности ќе ги запознаеме со областа БЗР и соработниците на нивните родители во делот на БЗР, а од друга страна како колеги, ќе поминеме неколку часа заедно.

На настанот ЗИЗ Тутела и Ресторан ,,Чардак" – Македонски Брод, организираат заеднички ручек за присутните, на база, **"што нарачаш, тоа ќе си платиш".**

Би напомenале дека на присутните членови кои ќе се пријават во наведениот рок, ќе им доставиме дополнителна информација за поволностите кои се договорени со Ресторан ,,Чардак" – Македонски Брод, во делот на ручекот, како и активностите кои се планирани за присутните на настанот.

**Сите заинтересирани членови за присуство, потребно е да ја пополнат Пријавата и да ја достават на e-mail ziztutela5@gmail.com или ziztutela@gmail.com најдоцна до 16:00 часот на ден 03.07.2025 година.**

ПРЕВОЗОТ Е ВО СОПСТВЕНА РЕЖИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ.

**Сите поволности зависат од бројот на заинтересирани за присуство.**

Дополнителни информации на тел 070 235 466

ВЕ ОЧЕКУВАМЕ, се гледаме 10 часот, на 05.07.2025 г., во Ресторан ,,Чардак" – Македонски Брод.

Поздрав,

ЗИЗ ТУТЕЛА

## ПРОДОЛЖУВАМЕ

## ТУТЕЛА И СЕМЕЈСТВОТО -3

# РЕСТОРАН “ЧАРДАК”- Рајско Место Покрај Реката Треска




Македонски Брод е помало гратче кое се наоѓа во Западна Македонија, и претставува средишен дел на областа Поречие, сместено во горниот тек на реката Треска. Опколено е со планини, сликовит пејзаж и претставува стара македонска населба која се одликува со вековна историја, со што говорат повеќе легенди и преданија.

Покрај овие значајни особености со кои се одликува овој град, тој е препознатлив и по Ресторанот “Чардак” кој се наоѓа на самиот влез во градот, кога се доаѓа од Кичево, а над него надзира планината Песјак.



Овој ресторан постои од 1986 година и претставува спој помеѓу традиционалното и модерното време. Во склоп на Ресторанот, постои и ноќен клуб наречен “Доминус”.

Името “Чардак”, идејата произлегла од селото Русјаци, близу Македонски Брод, од каде што по потекло бил еден од сопствениците. Во тоа село постоело место во планина со специфична издигната карпа и тоа место се нарекувало “Чардак”. Од таму се гледало селото и околината, и суштината на овој збор претставува – поглед од височина. Токму поради ова значајно место, на сопственикот му се вродила идејата да изгради ресторан со име “Чардак”, во кој истовремено ќе се преслика неговото родно место и идентитет, но и самата местоположба ќе ја прикаже суштината на името. Ресторанот се наоѓа над реката Треска, при што локацијата дополнително го разубавува овој објект и претставува вистинска идила опкружена со звуците на природата.



Во текот на годините, покрај реката засадиле тополи и изградиле чардаци во вид на летниковци, кои местото го прават уште помагично и примамливо за посета. Не постои поубаво нешто од природа и зеленило, вистинско место за уживање.Ресторанот поседува сопствен паркинг, интересен ентериер а уште поинтересен интериер. Внатрешниот дел содржи елементи од традиционалното време во комбинација со модернизмот, акцент на боите од живописната природа и околина.